**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Бр. 1409-14/8
11.06. 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/26, 116/26, 130/26, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16). Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 26 седница одржана на 30.05.2019 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма Меѓународен бизнис втор циклус студии на Факултет за странски јазици при Универзитет „ФОН" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма **Меѓународен бизнис втор циклус студии на Факултет за странски јазици при Универзитет „ФОН" Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 1година (два семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање:
**- Магистер по меѓународен бизнис со странски јазици (А и Б јазик)**
Научно - истражувачко подрачје: Хуманистички науки
Научно – истражувачко поле: Поле од наведеното подрачје
Научно – истражувачко област: Повеке области од наведените полиња.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2019/2020......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Факултет за странски јазици Скопје, втор циклус студиските програми „Меѓународен бизнис“, на 13.10.2017 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 2 седница одржана на 19.10.2017 година формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 26 седница одржана на 30.05.2019 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
СКОПЈЕ
Примено: 18.06.2019
Орг. единица: 03 | Број: 741/1 | Прилог: 1 | Вредност:
Архивски знак: 0308
Рок на чување: рок год
ТРАЈНА ВРЕДНОСТ

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски